# Европски Комитет за миграции

Европскиот Комитет за миграции е директно одговорен пред Комитетот на Министри на СЕ за развивање на европската соработка на полето на миграциите, состојбата и социјалната интеграција на мигрантите и бегалците и односите во заедниците. Исто така, овој комитет е одговорен за надзор врз ситуацијата на Ромите и Патувачите во Европа и за развивање на политики и практики со цел унапредување на нивните права. Оваа одговорност е превземена од страна на Комитетот на експерти за Ромите и Патувачите (MG-S-ROM), кој одговара за својата работа пред Европскиот Комитет за миграции.
Во овој Комитет членуваат експерти од различни министерства на земјите членки, најчесто од министерства за надворешни работи, внатрешни, социјални и трудови прашања, имиграции и интеграции и миграции.

Европскиот Комитет за миграции одржува состаноци еднаш годишно, на кои: ја подготвува, прегледува и ја оценува својата програма на активности, одобрува извештаи за публикување, одобрува нацрт-препораки за усвојување од страна на Комитетот на министри, усвојува мислења и ги доставува до Комитетот на министри и дискутира за политиките и практиките во земјите членки, како и за прашања од општ интерес, вклучувајќи ја и работата на ЕУ и други меѓународни организации.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на Советот на Европа http://www.coe.int/t/dg3/migration/European_committee_on_Migration/default_en.asp